Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на ден од дневни настани 06.11.2021

На 05.11.2021 во 23.30 часот на ул.„Маршал Тито" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Ф.И.(34) од с.Слатино, тетовско, затоа што кај него била пронајдена бела прашкаста материја. Тој е приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.11.2021 во 12.45 часот од полициски службеници на ОВР Гостивар биле лишени од слобода И.З.(25), В.С.(25) и З.С.(25), сите од Гостивар, поради постоење основано сомнение дека во гостиварското село Сретково извршиле две тешки кражби. При преглед во возилото со кое се превезувале биле пронајдени повеќе предмети кои потекнуваат од кривичните дела, кои биле одземени и вратени на сопственикот. По документирање на случајот против них ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.11.2021 22.30 часот полициски службеници од ОВР Кичево ги лишиле од слобода Ш.С.(44) од кичевското село Зајас и А.М.(44) од селото Горно Строгомите. При преглед извршен во патничко возило „мерцедес", со кое се превезуваше, била пронајдена и одземена мархијана. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против них ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.11.2021 во рамки на контролите во областа на сообраќајот, на територијата на град Скопје изречени се вкупно 85 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 14, осум санкции за возење без возачка дозвола, 11 мерки за користење мобилен телефон, четири за возач почетник, две санкции за возење под дејство на алкохол, 37 мерки за непрописно паркирање.

На 05.11.2021 во 15.30 часот беше пријавено дека на магистралниот пат Скопје-Граничен премин Долно Блаце се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „шкода", со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.К.(44) од Скопје, патничко возило „сеат алхамбра", со скопски регистарски ознаки, управувано од И.А.(40) од Скопје и товарно возило влекач „волво", со косовски национални ознаки, со полуприколка, управувано од С.Е.(49) од с.Странчици, скопско. Во несреќата И.А. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.НаумОхридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 05.11.2021 во 14.45 часот во Полициската станица Аеродром, А.Б.(27) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ" бил каснат од куче скитник.

На 05.11.2021 во 10.20 часот било пријавено дека во Битола, на ул.„Генерал Васко Карангелевски", патничко возило „пежо 306", со прилепски регистарски ознаки, управувано од М.Ш.(21) од битолско Горно Оризари, удрило во велосипед управуван од Ѓ.З.(77) ОД Битола. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил велосипедист, констатирани во Клиничката болница Битола. Извршен бил увид на местото на несреќата од увидна екипа од СВР Битола.

На 05.11.2021 во 12.20 часот на Граничниот премин „Долно Блаце", на влез во државата, бил лишен од слобода Л.А. (1991) од Р.Албанија, бидејќи при извршена пасошка контрола било констатирано дека во оперативните евиденции е со марка „апси", по барање на Интерпол–Шпанија. Тој бил предаден на полициски службеници за понатамошна постапка.

На 05.11.2021 во 14.00 часот било пријавено дека на крстосница од регионалниот пат Куманово-Свети Николе и ул.„Студена Вода" во с.Доброшане патничко возило „ауди", со кумановски регистарски ознаки, управувано од Ј.А.(21) од с.Доброшане удрило во велосипед, управуван од Е.Ц.(41) од Куманово. Во несреќата, велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани воУргентниот центар во Куманово. Извршен бил увид на местото од увидна екипа од СВР Куманово.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Х.И.(28) од с.Србица, кичевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 11.10.2021, полициски службеници извршиле претрес во домот на таткото на пријавениот во с.Србица, при што пронашле и одзеле автоматска пушка калибар 7,62 х 39 мм и 60 куршуми.

На 05.11.2021 на подрачјето на СВР Тетово спроведена е сообраќајна контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционирани се 28 возачи. Од нив три возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволената, а едно возило со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 06.11.2021 околу 04.15 часот на магистралниот пат А4 во с.Турново, патничко возило „бмв", со струмички регистарски ознаки, управувано од Ѓ.Д.(22) од с.Куклиш, излетало надвор од коловозот. Во несреќата, сопатникот Б.Г.(23) од од с.Пиперево се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Медицински центар Струмица. По овластување од Јавен обвинител, увид извршила увидна екипа од СВР Струмица.

На 05.11.2021 во СВР Битола е пријавено дека околу 23.00 часот настанал пожар од трансформатор во блок број 3 во „РЕК Битола". Од страна на противпожарна екипа од РЕК Битола пожарот е изгаснат, а повредени лица нема. Увид изврши екипа на СВР Битола.

На 06.11.2021 околу 01.00 часот на излез од Стар Дојран, во нас.Карач, полициски службеници од Регионален центар за гранични работи Југ во товарно возило влекач „ман", со штипски регистарски ознаки со приколка, пронашле 42 мигранти (41 од Сирија и 1 од Бангладеш), кои биле предадени за понатамошна постапка, по што ќе бидат спроведени до Прифатно-транзитниот центар „Винојој" Гевгелија. Имено, откако возачот и соседникот на товарното возило ги забележале полициските службеници, скокнале од возилото во движење и избегале, а возилото се вратило назад и удрило во службено возило на МВР. Повредени лица нема, а увид извршила увидна екипа од Полициската станица Гевгелија.

На 06.11.2021 во 08.10 часот во СВР Битола било пријавено дека на ул.„Мукос" била пронајдена една артилериска граната кал.75 мм која од Првата светска војна. Од страна на пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување граната е безбедно подигната.

На 05.11.2021 во 11.30 часот полициски службеници од ОВР Гостивар привеле малолетник од гостиварски Добридол, во присуство на негов родител, поради сомнение дека бил инволвиран во нападот врз малолетник од истото село на 04.11.2021, во кој бил употребен остар предмет. Претходно во врска со случајот беше приведен уште еден малолетник од истото село, кај кого бил пронајден остар предмет. Се расчистува случајот, по чие документирање ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 06.11.2021 околу 04.00 часот на автопатот А4 Миладиновци-Штип, кај наплатна рампа во изградба, Б.С.(39) од Пробиштип , управувајќи патничко возило „опел зафира", со пробиштипски регистарски ознаки, изгубил контрола и удрил во столб. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот Б.С., додека со телесни повреди се здобиле сопатниците С.Ј.(39) и К.Р.(21), двајцата од Пробиштип, констатирани во Клиничката болница Штип. По овластување на Јавен обвинител увид извршила екипа од Полициска станица Свети Николе.

На 05.11.2021 во 16.15 часот Ј.Б.(27) од Скопје пријавил дека на крстосница од ул. „Индира Ганџи" и ул.„Бутелски венец" бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 05.11.2021 во 17.00 часот на ул.„Даме Груев", на влезот на „Зелен пазар", бил приведен З.Т.(1978) од Скопје, затоа што физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија. По целосното расчистување и документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 05.11.2021 во 15.30 часот В.У.(59) од Скопје пријавил дека во зградата на МРТВ бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 06.11.2021 во 01.15 часот во СВР Скопје од страна на лекар од Итната медицинска помош било пријавено дека во Скопје, на подрачјето на Кисела Вода, во сопственоот дом била пронајдена почината С.С.(51), без траги на насилство. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинителот телото на починатата е предадено за обдукција.

На 05.11.2021 од полициски службеници од СВР Скопје била приведена Ц.Х.(49) од Скопје, затоа што околу 16.00 часот се однесувала агресивно во Клиниката за гастроентерохепатологија и оштетила стакло од вратата. По целосно документирање на случајот против неа ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.11.2021 во 23.00 часот Д.Ј.(23) од Скопје пријавил дека на ул.„Никола Русински" бил физички нападнат од две лица. Се работи на расчистување на случајот.

Одделението за прекуграничен криминал и миграции Скопје поднесе кривична пријава против М.Х.(51), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 30.10.2021 на Граничен премин „Долно Блаце", при контрола било констатирано дека пријавениот не се придржувал кон изјавата за самоизолација од седум дена.

На 05.11.2021 во 15.45 часот Ѓ.Ѓ.(51) од Скопје, пријавил дека на бул.„Партизански одреди" неговиот малолетен син бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Л.Е.(25) од с.Зајас, кичевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 07.09.2021, полициски службеници извршиле контрола и не го пронашле пријавениот во својот дом и покрај тоа што имал решение за изолација и лекување во домашни услови.

На 05.11.2021 во 19.20 часот било пријавено дека на бул.„Александар Македонски", по претходно недорасветлување, малолетник бил физички нападнат од М.Б. и С.Б.. Се работи на расчистување на случајот

.

На 05.11.2021 во 11.00 часот во СВР Скопје, од страна на Итна медицинска помош било пријавено дека во Скопје, во простории од зграда на подрачјето на Кисела Вода, била пронајдена почината Д.Д.(81) од Скопје. Од страна на лекар била констатирана смрт, а по наредба на Јавен обвинителот телото е предадено за обдукција.

На 05.11.2021 во 21.30 часот, било пријавено дека во Скопје, во спортска обложувалница на ул.„Орце Николов", едно лице со закана да вработената одзело пари. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Х.Н.(69) од с.Пирок, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „пренесување заразна болест". На 15.08.2021, полициски службеници извршиле контрола и не го пронашле пријавениот во својот дом и покрај тоа што бил лабораториски потврден позитивен случај на Ковид-19.

На 05.11.2021 во 13.25 часот било пријавено дека во Скопје на ул.„13 август Охридски договор" настанал пожар во патничко возило „бмв", со скопски регистарски ознаки, сопственост на Ф.Ј.(37) од Скопје. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 05.11.2021 во 22.25 часот во СВР Скопје Т.Б.(53) од Скопје пријавил дека додека со такси возило на ул.„Лазар Личеновски" превезувал двајца патници, тие со употреба на сила му одзеле пари. Се работи на расчистување на случајот.